MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

**ОПШТИНА ШТИП**

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
БР.18-378/4
04. 04.2023 год.

Врз основа на член 29 и член 50 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање("Службен весник на РМ"бр.199/14,44/15,193/15,31/16 ,163/16 64/18 и 168/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип( "Службен гласник на Општина Штип " бр. 01/03,18/07,11/08, 07/09,16/09,04/11 и 13/14) Градоначалникот на Општина Штип донесе:

**Решение**

**За формирање на стручна комисија за изработка на извештај по спроведена повторна јавна анкета и јавна презентација за предлог план за измена и дополнување на ДУП за поранешна ПИ "МАКЕДОНКА" ДЕЛ ОД УБ 65,67 и 68 со опфат на УП број 20,21,23 и 25,ОПШТИНА ШТИП**

**Се формира стручна комисија за изработка на извештај по спроведена повторна јавна анкета и јавна презентација за предлог план за измена и дополнување на ДУП за поранешна ПИ " МАКЕДОНКА" дел од 65,67 и 68 со опфат на УП број 20,21,23 и 25,Општина Штип, составена од :**

1. **Драгана Штејова** - **претседател на комисија** дипл.инг.арх.
2. **Весна Василева** - **планер** дипл.инг.арх.
3. **Викторија Атанасова** - **надворешен член** дипл.инг.арх.

Комисијата има задача да изготви Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета.

Извештајот од јавната анкета и јавна презентација треба да содржи образложение за прифатените и неприфатените забелешки за горенаведениот ДУП.

Врз основа на извештајот комисијата е должна да го извести писмено секое физичко и правно лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање на нивните забелешки.

Изработил:
Лидија Глигорова Јанкова
Контролирал:
Лазар Хаџи-Николов

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**